15

**Влада на Република Северна Македонија**
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**Здружение Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ)**

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**Преку мултикултурни општини градиме едно општество!**
(Име на проектот)

Гостивар, 13.10. 2020 година
(Место) (датум)


Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генералниот секретаријат

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување финансиска поддршка | 29-21/2 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ) |
| Наслов на проектот | Преку мултикултурни општини градиме едно општество! |
| Период на спроведување на проектот | од 18.10.2020 година до30.09.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Лулзим Хазири, Извршен директор |
| Проектен менаџер | Катица Михајловиќ |
| Телефон и е-пошта за контакт | katica@adi.org.mk |
| Цел на проектот | Промовирање на принципите на мултикултурализмот и работа кон понатамошен развој на мултикултурно општество, согласно автентичните локални мултикултурни прилики. |
| Целна група | Претставници на локалната самоуправа, членови на советите, членови на Комисиите за односи меѓу заедниците (КОМЗ) образовни институции, бизнис заедницата, граѓански организации. |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Општините Теарце, Тетово, Врапчиште |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 600.000 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 599.815 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Предлог проектот беше заснован на позитивните практики на девет општини во нашата земја кои усвоија локални стратешки документи за меѓукултурното разбирање/дијалог. Овие стратешки документи се први од ваков вид и се позитивен пример и модел за дефинирање на стратешката рамка и заложба на општините за унапредување на соживотот и толеранцијата. Оттука, со овој проект се надоградија ваквите позитивни практики и се зајакна локалниот одговор во градењето на мултикултурно општество и етничката кохезија.

Локалните власти од трите општини: Теарце, Тетово и Врапчиште работеа на развој и усвојување на годишни програми за работата на Комисијата за односи меѓу заедниците (КОМЗ) со активно вклучување на граѓанското општество, бизнис заедницата, образованието и сите засегнати етнички заедници. Активната улога на локалните совети и КОМЗ е клучна во обезбедувањето одговорност на оваа осетлива тема и напорите за институционализирање на принципот за мултикултурализам во јавниот дискурс. Основата при подготовката на локалните годишни програми за работата на КОМЗ беше посветеноста за еднаквост и етничката кохезија и обезбедување услови за сите етнички заедници да учествуваат во социјалниот, економскиот, културниот и политичкиот живот на општината.

| **3. Спроведени активности и резултати од проектот**<br>Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати |
|---|

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| **Консултативни состаноци во проектните општини** | Состаноци со претставници на локалната самоуправа – Градоначалник, членови на советот и Претставници на КОМЗ, со цел да се добие преглед на моменталните активности во општината кои се однесуваат на меѓуетничката соработка, можни проблеми и предизвици, фукционирањето на Комисиите при Советот, посебно на КОМЗ. | 18 јануари 2019-18 февруари 2020 | Воспоставена иницијална соработка; Назначено лице за контакт од општината; Добиени првични информации за состојбата во општините во однос на меѓуетничките односи и функционирањето на КОМЗ. Членовите на КОМЗ во општините се надворешни членови, претставници на различните заедници. Од податоците добиени од консултативните состаноци може да се констатира дека функционирањето на КОМЗ е повеќе формално отколку суштинско. Во рамки на општинскиот буџет не се издвојуваат посебни средства за поддршка на работата на КОМЗ, Беше констатирано незадоволство од третманот на ова тело, чии мислења не се обврзувачки за советите на општините. |
| **Обука за мултукултурно планирање** | Обуката за муликултурно планирање ги вклучи претставниците на советите, КОМЗ, образовни институции, бизнис заедницата и граѓански здруженија од општините Теарце, Тетово и Врапчиште, вкупно 21 учесник. | 30-31 јануари 2020 | Обуката ги зајакна капацитетите на учесниците за механизмите за заштита и промоција на етничките, јазичните, културните и религиските малцинства; Чекорите при стратешкото планирање; Партиципативно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | буџетирање;<br>Мониторинг и евалуација; |
| **Работилници за развој на Годишна програма на КОМЗ – општина Теарце** | Еднодневната работилница за развој на Годишната програма за општина Теарце беше организирана со учество на претставници на локалната самоуправа, членови на КОМЗ,образовни институции, бизнис заедницата и граѓански организации. | 17 февруари 2020 | Развиена нацрт верзија на годишната програма за работа на КОМЗ во општина Теарце |
| **Работилници за развој на Годишна програма на КОМЗ – општина Врапчиште** | Еднодневната работилница за развој на Годишната програма за општина Врапчиште беше организирана со учество на претставници на локалната самоуправа, членови на КОМЗ,образовни институции, бизнис заедницата и граѓански организации. | 2 јули 2020 | Развиена нацрт верзија на годишната програма за работа на КОМЗ во општина Врапчиште |
| **Работилници за развој на Годишна програма на КОМЗ – општина Тетово** | Еднодневната работилница за развој на Годишната програма за општина Врапчиште беше организирана со учество на претставници на локалната самоуправа, членови на КОМЗ,образовни институции, бизнис заедницата и граѓански организации. | 9 јули 2020 | Развиена нацрт верзија на годишната програма за работа на КОМЗ во општина Тетово |
| **Тековна поддршка при процесот на подготовка и усвојување на годишните програми на КОМЗ** | Продуктите произлезени од работилниците за развој на годишните програми на КОМЗ беа предмет на консултации со сите вклучени страни. и финализирање на истите. | Јули-септември 2020 | Подготвени финалните верзии на годишните верзии и усвоени од страна на советите |
| **Промотивни настани** | Со цел информирање на пошироката јавност сите активности беа промовирани преку социјалните медиуми. Дополнително, беше подготвен и информативен леток којшто содржи информации за клучните активности и резултати на проектот. | Јануари-септември 2020 | Годишните планови на КОМЗ за трите вклучени општини достапни на македонски и албански јазик за општините Теарце и Тетово, додека дополнително и на Турски јазик годишната програма е достапна за општина Врапчиште. |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Со оглед на новонастанатата состојба со коронавирусот и препораките на Владата за спречување на ширење на болеста, АДИ не беше во можност да ги реализира преостанатите активности, согласно утврдената динамика. Оттука беше побарано и одобрено од страна на Генералниот Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, продолжување на проектот до 30 септември 2020. Со ова се овозможи преостанатите 2 работилници да се реализираат успешно, согласно препораките на Владата за организирање ваков тип на настани.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| | | | |
| Консултативен состанок во општина Тетово 29.10.2019 | 9 | | |
| Консултативен состанок во општина Врапчиште 4.11.2019 | 8 | | |
| Консултативен состанок во општина Теарце 15.01.2020 | 5 | | |
| Обука за мултикултурно планирање 30-31.01.2020 | 21 | | ФБ страна на АДИ |
| Работилница за развој на годишна програма на КОМЗ Теарце 17.02.2020 | 20 | | ФБ страна на АДИ |
| Работилница за развој на годишна програма на КОМЗ 2.07.2020 | 20 | | ФБ страна на АДИ |
| Работилница за развој на годишна програма на КОМЗ 9.07.2020 | 20 | | ФБ страна на АДИ |
| Промотивен леток | | 500 | |

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Претставници на советите, Комисиите за односи меѓу заедниците (КОМЗ), образовни институции, бизнис заедницата и граѓански здруженија, вкупно 21 ги зајакнаа капацитетите за механизмите за заштита и промоција на етничките, јазичните, културните и религиските малцинства;
Беа одржани 3 еднодневни работилница за развој на Годишните програми за КОМЗ со учество на 60 учесници вкупно за трите вклучени општини;
Донесени годишни програми за работата на КОМЗ за периодот 2020-2023 година во општините Теарце, Врапчиште и Тетово;
Општата цел на Програмите е унапредување на меѓукултурното разбирање во општините и развивањето на традициите на соживот, почит и толеранција помеѓу граѓаните од различни заедници.
Со програмите се настојува да се зајакнат постоечките, но и да се создадат нови капацитети за активно и непосредно учество на граѓаните во унапредувањето на мултикултурализмот и меѓуетничкиот соживот на локално ниво.
Развивањето на односите меѓу етничките заедници подразбира континуирано институционално и персонално вложување во капацитетите за интеркултурна комуникација и соработка меѓу граѓаните од различни заедници и институциите, и овој проект всушност е придонес кон унапредување на меѓуетничкиот дијалог и соработка.
Продуктите од Програмата ќе значат зголемена размена на информации во процесот на подготовка на Национална стратегија за развој на концептот за едно општество, иницирање на заеднички активности, редовни информации за нови активности и достигнувања.
Дополнително, ваквите примери за подготовка на годишната програма за КОМЗ ќе значат обезбедување на ресурсни материјали и за останатите комисии и за нивната работа, како и дефинирање на активности за понатамошен ангажман на граѓанските организации и бизнисите за нивно спроведување.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Буџетот на Предлог-проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **I. Вработени (вкупно)** | **146.905** | **146.905** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Бруто месечна плата за проект координаторот | 146.905 | 146.905 | Учество на АДИ 168.214 |
| Придонеси и даноци од плати | | | |
| Надоместоци и хонорари | | | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | | | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | **16.650** | **16.650** | |
| Транспорт | 16.650 | 16.650 | |
| Хотелско сместување | | | |
| Дневници | | | |
| **III. Опрема (вкупно)** | | | |
| ИТ - опрема | | | |
| Мебел | | | |
| Друга опрема (специфицирај) | | | |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | **9.345** | **9170** | Учество на АДИ 9.346 |
| Канцелариски материјали | 9.345 | 9170 | |
| Други трошоци (специфицирај) | | | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | | | |
| Трошоци за комуникација Интернет | | | Учество на АДИ 16.800 |
| Банкарски провизии | | | |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | **33.600** | **33.600** | |
| Користење канцеларија | | | |
| Сметководствени услуги | 33.600 | 33.600 | Учество на АДИ 50.400 |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно)** - *искористете ги овие ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | **393.500** | **393.490** | |
| **Обука за мултикултурно планирање** | | | |
| Трошоци за сместување, храна и освежување за учесниците | 96.250 | 96.250 | |
| Трошоци за организиран превоз на учесниците | 25.000 | 25.000 | |
| Изнајмување опрема за симултан превод | 18.500 | 18.500 | |
| Договор за услуги за двајца обучувачи | 24.000 | 24.000 | |
| Договор за услуги за двајца преведувачи | 16.000 | 16.000 | |
| **Работилници за развој на Годишна програма на КОМЗ** | | | |
| Трошоци за храна и освежување на учесниците за 3 работилници | 48.750 | 48.740 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Договор за услуги за двајца фасцилитатори | 30.000 | 30.000 | |
| Договор за услуги за двајца преведувачи | 24.000 | 24.000 | |
| **Тековна поддршка при процесот на подготовка на годишните програми на КОМЗ** | | | |
| Договор за услуги за експерт | 18.000 | 18.000 | |
| **Промотивни настани** | | | |
| Превод и лектура на годишните програми и документи поврзани со проектот | 48.000 | 48.000 | |
| Договор за услуги за графички дизајнер | 27.000 | 27.000 | |
| Дизајн (припрес) и печатење на промотивен леток А 4 формат (во боја на тврда корица) | 18.000 | 18.000 | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **600.000** | **599.815** | **Учество на АДИ 244.760** |

**8. Документација**
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Во прилог на Завршниот извештај се наоѓа детална документација за сите плаќања:
Договори, изводи од банка, рекапитулари, извештаи за плата;
Фактури, налози и изводи од банка;
Патни налози со придружна документација, сметки, патарини и изводи од банка;
Агенди за настани, листи на учесници, фотографии од активностите;
Примероци од подготвените публикации.

Гостивар, 13.10. 2020 год.
(Место) (датум)

Лулзим Хазири________________
(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П.

________________
(Потпис)


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk